# Општи услови и согласности

Запознаен/а сум дека Банката ќе ги користи податоците единствено за целите за остварување на телефонска комуникација и притоа истите нема да бидат искористени за било каква автоматска обработка и одлучување (профилирање). Исто така, запознаен/а сум дека податоците нема да бидат откриени на трети страни и истите по остварување на целта заради која се прибрани ќе бидат соодветно избришани.

Запознаен/а сум дека Банката ќе ги користи податоците од информативната пресметка (тип на кредит, износ на кредит, период на отплата, износ на месечна рата) како првично дадени податоци при отпочнување на процедура за аплицирање за производ на Банката.

Запознаен/а сум дека барањето е наменето за физички лица, државјани на Република Македонија.

Согласен сум Силк Роуд Банка АД – Скопје, да добие извештај за фактичката состојба на моите обврски, исклучиво за целите на ова барање (апликација) за банкарски производи и за времетраењето на неговото користење. Видови на извештај: Минимален извештај, Извештај за пристигнати неплатени обврски, Основен извештај, Детален извештај за обврска, Збирен извештај, Мониторинг извештај.

Запознат/а сум дека:
1. МКБ може да подготви и достави извештај на Корисник на податоци само со моја претходна писмена согласност.
2. Имам право на увид во податоците кои се водат во МКБ, како и да ја оспорам точноста и целосноста на кој било податок содржан во извештајот.
3. МКБ не сноси одговорност заради податоците содржани во извештајот или за каква било неповолна активност превземена од Корисникот на податоците спрема мене, заснована целосно или делумно на извештајот, освен во случај на доставување на лажни информации со цел да ми наштети мене или на давателот на податоци или на корисникот на податоци.
4. МКБ ги брише моите податоци по изминување на 5 години од исплатата на обврската или затварање на сметката.
5. Имам право со писмена изјава да ја повлечам оваа согласност.

Оваа согласност ја давам во согласност со Законот за кредитно биро („Службен весник на РМ“ бр. 81/08, 24/11, 166/14, 192,15, 83/18, 122/21) и Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ бр. 42/20 и 294/21).

Согласен сум, доколку платата не ја земам на сметка во Силк Роуд Банка, Банката да може да побара да посетам некоја од експозитурите на Банката за потребите на идентификација и/или ажурирање на личните податоци, како и евентуално приложување (во случај на потреба) на дополнителни податоци/документи за кои би бил информиран од Банката.

Согласен сум и информиран дека Банката ги разгледува само апликациите кои се комплетирани и за кои не треба да се приложи дополнителна документација. Согласен сум и информиран за можноста Банката да го одбие моето барањето во согласност со законите во РМ и актите на Банката и/или да побара дополнителна документација и/или проверка и дека во случај на одобрување на моето барање целосната документација треба да ја приложам во оригинал со лична посета на некоја од експозитурите на Силк Роуд Банка АД - Скопје.

Се согласувам Банката да ги користи моите лични податоци со цел да врши проверка или верификација во Кредитниот Регистар и други бази на податоци за целите на воспоставување на деловниот однос, а во согласност со законите и интерните акти на Банката.

Изјавувам дека сум согласен Силк Роуд Банка бесплатно да ме информира за износот доспеаните обврски кон банката преку СМС/Viber порака на наведениот телефонски број. Потврдувам дека со притискањето на „Започни“ давам моја писмена согласност за горенаведените услови и информиран сум дека истата можам да ја повлечам преку експозитурите на Банката или преку електронска пошта на следната меил адреса: contact@silkroadbank.com.mk.